Б. Бр. 125

434

...39

# МАКЕДОНСКА ЛИРИКА

1950

СКОПЈЕ

Инв. бр. 864/05

Издава Уредот за информации при Владата
на Народна Република Македонија

Н-I-39
инв. Д № 53/62
стр. 66, дин. 40
Инв. кат. бр. 434/70
стр. 66
821.163.3-1
ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА СКОПЈЕ

# МАКЕДОНСКА ЛИРИКА

1 9 5 0

СКОПЈЕ

# ПРЕДГОВОР

Уште во минатиот век, со делата на првите македонски писатели преродбеницн, се создадоа првите културни творби на нашиот народ. Бракја Миладиновци, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев и многу други го собраа криеното но пазувите на народот богатство на народната усна литература нашите народни песни, приказни, гатанки кои се одликуваа со богат дук и говореа за големата творечка надареност на еден народ кој притиснат со стегата на ропството, не можеше да даде и писмен израз на она што со векови напираше да се излее од ду ш ата негова. Надахната од силните акорди на народната поезија, во тоа време прозвуча и нежната лира на првиот наш поет Константин Миладинов, кој во своите песни ја воспеа тагата на народот и неговата безмерна љјубов кон родната земја, неговите огнени копнежи кон слобода. Се огласи по него и поетот-прокуденик Рајко Жинзифов и неговите стихови прозвучаа како зов истргнат од душата на поробениот народ. Така, првите наши литературни творби

беа крвно врзани со основните народни болки и сремежи.

Меѓу првите наши писатели и современата литературна генерација, што се роди во огнот на победоносната револуција, стои подолг период од време. Тоа е време на силен револуционерен подем, изразен во пламенот на Илинденското востание, на едностојни борби за придоо'ивање на слобода и независност. И имено во кипежот на тие борби и револуционерни разпвижувања, што во годините пред Втората светска војна ја достигнаа својата врвна точка, се јави лирата на новите македонски поети, што го подзедоа и го продолжија делото започнато од преродбениците. Поникната во огнот на револуционерни борби, на здравите и животворни традиции од народната поезија и поезијата на првите наши поети од минатиот век, нивната поезија неизбежно ја содржеше во себе си основната одлика на своите преткодници: да ги воспева борбите на народот, да го покрева народот на борби и во борбата да го бодри од победа во победа.

Во денешни дни современата македонска литература доживува вистински расцвет. Во условите на слободен живот се раскрија во длабочините на народот многу надарени млади луѓе, кои имаа што да му кажат на својот народ и умееја како да му кажат. Пет години слободен живот и веќе имаме на лице една нова национална литература, со своитворци и дела, што во новата општојугословенска литература, има достојно место и се одликува со сите квалитети што ја красат денес литературата на нова Југолавија: да биде вистински народна литература, која верно ќе го прикажува животот на

нашите луѓе и нивната борба за создавање на подобар живот.

Денес македонската литература има одлични услови за развиток. Македонските поети и прозни писатели, организирани во Друштвото на писателите на Македонија. имаат две литературни списанија - „Нов ден“ како орган на Друштвото и „Иднина“ списание на младите, во кои ги печатат своите стихови, раскази, драмски и други творби. За овие пет години излезени се голем број оригинални творби на македонските писатели во посебни книги со тираж што достига до десетина илјади егземплари и тие се најчитаните и најсаканите книги за нашите луѓе.

Овој зборник на македонската поезија претставува само дел од постигањата на современата македонска литература.

# Тешкото

О тешкото! Сурли штом диво ќе писнат,
штом тапан ќе грмне со подземен екот-
во градиве зошто жар лута ме стиска,
во очиве зошто ми навира река
и зошто ми иде да плачам ко дете,
да превијам раце, да прекријам лик –
та гризам јас усни, стегам срце клето,
да не пушти вик,

О тешкото! Старци излегуват еве,
на чело им мисла, во очи им влага
и првиот чекор по меката трева
е мирен и бавен, со здржана тага.
Но рзнува тапан и писок се крева
и молнија светнува во секој глед,
и напред се пушта, се стрелка, се слева
стегнатиот ред.

До старците момци се фаќаат скокум;
не издржа срце - сив сокол во клетка,
не издржа пламен жив потулен в око,
не издржа младост што сака да летне!
Се залула оро! Се заврте земја,
и чиниш - се корне стресениот век,
и околу трпнат риди штата темни
и враќаат ек.

И божем се врасло кипнатово оро
со исконска сила за земјава наша
и во него шуми на реките зборот,
и во него рика див ветер и страшен
и во него ш епнат узреани житја
и вечерен мирис се разлева тик,
и земјата дише во пролетна ситост
со запален здив.

И душага, чиниш, на родот мој мачен
во тешково оро се уткала сета -
век по век што трупал се попуст и мрачен,
од крвава болка, од робија клета,
век по век што нижел од корава мисла
за радосна челад, за слободен свет,
од песна - за љубов што гине со пискот
ко жерав во лет.

О тешкото. Кога во молк да те гледам,
на очиве магла ми напаѓа сура,
и одеднаш - бескрај се растега редот
и ридја се губат в пусте ија штура -
и еве кај иде од маглата матна
се сенка до сенка, се еден до друг-
во бескрајно оро син оди по татка,
по деда си - внук.

Времињата мачни се нивното поле,
нивната свирка - на прангите ѕвекот,
главите им се наведнати доле,
покроце врват - се чекор по чекор.
О времиња, што ве в мрак родот мој минал,
кој збор ќе ми најде за вашата стрв?!

кој збор ќе ми најде за ужасот зинат
над пустош и крв?!

Кој број ќе ми каже на лутите рани,
на пламнати ноќи, на пепелишта пусти
кој на срце болки ќе изреди збрани,
на очи солзи, и клетви на усти.
О тешкото! Синџир ти беше на робја,
од калеши моми и невести ред,
со врзани раце во плен што ги погнал
насилникот клет.

О тешкото! Синџир ти беше на робја,
дур не стана народ во листена гора,
се дури со јадот од векови собран
не поведе бујно, бунтовничко оро!
Се залула танец низ крвје и огон,
и повик се зачу и грмеж во чад -
те разнесе сегде бунтовната нога
по родниот кат.

О тешкото! Сега по нашите села
во слобода првпат штом оро ќе сретнам,
зар чудно е - солза да потече врела,
зар чудно е - жалба јас в срце да сетам?!
Од вековно ропство, мој народе, идеш
но носиш ти в срце дар златен и појј.
Пченицата твоја триж плодна ќе биде,
и животот твој!

Блаже КОНЕСКИ

# Сончева колона
## -Б А Л А Д А-

Заседа волча во матна зора
крај горски пат...
И краток пукот и одек громок,
а после - мир и барутен чад...
...Седумте борци паднати в зора
ги носат
в Прилеп
на плоштад.
Одеднаш веста -
црна птица
писна над градот со жален крик.
Здивен и злорад
низ улиците
крвник мине.
Штик по штик
го гризе камен за петиците,
го стрела смртно од сите лица
градот
бунтовник.
И дочул тажна вест за сина
нема да престапи таткото праг,
ни брат со мрачен лик ке мине
за да види мртвиот брат.
Не!

Стаил болка што срце кине,
одмазда спрема тој в машка град!
Но клета мајка како да трае?
Ја клукна змија,
болка ја сви...
Шамија црна врзува таа
и трча таму со издив стаен
за задно збогум со својот син...
Денот е мрачен. Навира дождец.
Попуст и потих е плоштадот.
Седмина лежат во крвав ред.
Стражари стражар иѕемнат над нив,
цинички свети бајонот,
ете таа дотрча таму,
запре над нив,
ја зави мрак ...
Но ако в очи магла и падна,
со срце мајка го позна страдна,
го виде мртов сина си млад.
Ги изви таа во у жас прстите
прекри лик.
Се стресе сета ко слаба трска
напна гради...
Но од градите
не се чу силен,
раздирлив вик.
И само солза низ образ ливна
над мртов строј...
И в миг
ко веда
ја светна силно

безумна мисла,
        но мисла дивна:

Да !
        Не е тој!
И тогаш мајка раствори очи,
поглед што мине над труп и кал,
и како жерав без пат и почин
што тоне в небо со тивка жал.

Се топи в срце тешкиот камен,
гледа мајка нов,чуден крај,
и жив го гледа сина си таму
како во сонот што си го тај.

Го виде таа во зора рана
по горски срт,
        од сите прв, -
колона кај што од партизани
достига вишен планински врв...

Се лула под нив просторот син.
Во утрен пурпур небото тоне.
И светнал таму нејниот син
пред румен изгрев
        во орлов лет...
Се гласи песна -
        горите ѕвонат,
изгрева сонце,
        стапува в ред...
Сонцето оди пред таа колона!

Блаже КОНЕСКИ

# Сандански
## - ПОЕМА -

Од село бил.
Сиромав.
За маки селски тој знал
и за борби селски -
од мал.

Со шупелка свирел
овци пасел
и замаен -
често слушал
ветерот веел
гора лулеел
и в буки чести
ајдучка песни
пеел . , .

Пирин Планина,
ајдучка мајка,
со млеко го прва
доила;
Пирин Планина,
ајдучка мајка,
за борба го прва
учила!

Со шупелка свирел
и раснал орел -
Ел Тепе гордо
на Пирин бел -
Со шупелка свирел
и овци пасел
и дете уште -
видел:

Татко му
бајрактар
по Пирин Планина
ајдучко знаме развел,
од Кресна и Разлог
народот селски
на борба
повел ...

А после прокуден
од тиранин проклег
оставил в пепел
мајчин кат,
и скитник со свои
по белиот свет,
се прибрал
пролетер
в далечен
град.

И с чеканче в рака -
од мугра до мрак -
тој клинци на кондури
ковал,

и в горки неволи
на живот недраг
през огнени сништа
сновал.

Живеел
в маки
и кална пот
сред ропство и срам
и дни безнадежни,
но орел - сам -
сред тој живот -
тој назрел висини
врвои снежни;
распалил гради
и в занос цел,
Чернишевски,
Писарев,
тој жедно
чел.

И в бујна младост
за Гоце узнал, за дело народно свето,
тој следел по стапки му-
верен другар -
живот и смрт
за делото
дал.
И срамно намразил
ропство мрак,.

и смртно заљубил
Родина,
тој вивнал,
на ропство згазил,
тргнал
титан по Пирин Планина.

Во секое село,
во секој град
го знае стар
и млад:
Сандански цар
Пирински!

По Разлог и Банско,
Неврокоп, Серско
царство му ширно
слава голема -
што цар ниеден ја нема:
на сето робје
е мајка,
за душмани е -
стра
трепет!

На бој ли тргне -
ала се крева
и веда м'ска
и змија с'ска.
Битка ли бие -
луња се вие!

Срце му топла
пазува братска
за секој -
под гнет и јад:
рисјанин, Турчин,
Грк и Вла -
за него е
равен
брат.

А рака машка
веда е лута
што паѓа
над тиран клет,
слаб да поткрепи,
прав да одбрани,
да одмазди
зло - за зло.

Коста РАЦИН

# Нашиот Сандански

НА КЛЕВЕТНИЦИТЕ ОД РАДИО-СОФИЈА

Минува разлистен април, наметнал облека цветна,
ставата негова красна - тоа е нашето поле;
минува мирисен април, лазурот небесен светнал,
расцветан, насмевнат тој е, во мојот поглед волен.

Денеска радосен порој јури низ срцево мое,
дишам јас безмерно, мошно, в градиве пролет
се шири;
денеска в спомен ми расне светлото име твое
денеска в спомен ми расне април и личен Пирин.

За тебе песнава гласи; знам јас, просторот мал е
но широк имаме простор: - целата слободна страна
целиот народ те носи наедно срце со Гоце,
нашиот народ го сака Сандански - верниот бранач.

Земјата твоја е ширна. Земјата твоја е тоа,
народот в борбите роден, заветот твој го знае,
името твое е кај нас символ на животот среќен,
името твое е кај нас жив дел од денот сјаен.

В песнава несакам појке за тебе Јане да пишам
нашиот живот е сведок како те сакаме ние,
в песнава сакам јас машки подлеци срамни да стишам
онака гневно и тврдо, ко ти што такви си биел.

клевети смешни и груби виреат в устите туѓи
родот наш книжно бил створен, јазик сме немале
мајчин. Старите песни се тоа, песни на нашите врагој,
рубата нивна е денес скроена на друг начин.

Онака гневно и смело, ти. ко што такви си ринел
онака својски и мошно, со мојот роден јазик
одвраќам: пцетата лајат, керванот сигурно мине,
одвраќам: лагите плитки, народот наш ќе ги згази.

Сандански- синот на Пирин, синот на нашата страна
дел е од животот суров, дел е од нашата сила;
го носи в срцето свое народот слободен станат
што цени слобода златна, што љуби земја мила

Гане ТОДОРОВСКИ

# Ленка

„БИЉАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ“

Откако Ленка остави
кошула тенка ленена
недовезана на разбој
и на наломи отиде
тутун да реди в монопол -
лицето и се измени
веѓите паднаа надолу
и усти свија кораво.

Не беше Ленка родена
за тие пусти тутуни!
Тутуни - жолти отрови,
за гради - китки розови.

Прва година помина,
грутка в срцето и легна:
втора година намина,
болест ја в гради искина.
Трета година земјата
на Ленка покри снагата,
И ноќе кога месечко
гроб и со свила виеше,
ветерчок тихо над неа

жална и тага лееше:
„Зошто ми, зошто остана
кошула недоткаена?
Кошула беше даровна..."

Коста РАЦИН

# Разговор со Делчев

ПРЕД ПАМЕТНИКОТ НА ДЕЛЧЕВ

Вечерва со тебе да зборувам мислев
и еве ме - дојдов во доцниов час.
Сив октомври рони пожолтело лисје,
октомвриски вечер, не милува ете,
октомвриска радост - преполнила гради
ечи в мојот глас.

Јас пред тебе стојам -пред образот леден,
што вечерва жив е, а не занемен.
Почнува низ градот ноќта да се краде,
ветерот се платка низ освиткани ветки.
И тука по патот распостила злато
ветерот немирен.

Вечерва е вечер на спомени пресни,
што в секое срце искрат копнеж врел.
Вечерва е вечер на најмили песни,
што низ гради волни - со радост се полнат.
Нив в машкости плиска минатото блиско
на народот смел.

А јас - јас ти пракам жив поглед и сакам
да ти кажам нешто, само некој збор.
И ти одобруваш со својата рака,

велиш: момче кажуј за смелите мажи,
за октомври славен, за октомври светол,
за Илинден втор.
Почнувам. Ти слушаш, ти мене ме гледаш
со погледот чуден радосен и тих.
Ти слушаш глас еден од многуте чеда
што достојно, смело патот твој го следат,
што в градба ја градат гранитната зграда
на животот мил.

Октомври е гостин во вашата страна,
да - еве го, кај нас, го сеќаваш ли?
Во Октомври, Гоце, родината стана
и внуците твои нарипаа в бојот.
Со твоето знаме разгореа пламен
во Октомври сив.

Октомври се шета вечерва низ градот
- во срцата наши празничен е тој.
Октомври ни носи несетена радост,
- а животот убав преполнет со љубов
в трудовиот бој.
..............................................................
Ноќта тихо шепне низ лисјето меко
во градат се спушта кроце доцен час.
„Видение добро" на Гоце му реков,
октомвриски ветер ме гушна ко дете,
октомориски расказ в октомвриски вечер
привршував јас.

Октомври 1948

Гане ТОДОРОВСКИ

# Еден заборавен печалбар тагува за својот вилает

Љубени селани,
дебрани,
класје - од безмеѓа црница никнати,
искри - од дедовско огниште бликнати,
јаблани,
еве ви пишувам - стиснат зад неколку јабани.

Наслушнав - слава на горниот
луѓе и вие сте станале,
на нозе пак сте застанале,
негде, од земјата студена,
со крвје што сте ја поеле,
за себе мера и кроеле
секоја бразда со скрвавен чекор и броеле,
никнале, ко ден и по деница,
амбари полни со пченица.

Роднини родени,
в румена зорница зачнати,
луто од бездушник начнати,
в гора од омраза водени,
крвави чекори жито ви завева,
мене на туѓина - чемер ме навева.

Дваес' и втора е година,
одкако заминав
на пат - од својата родина.

Пустиња, брате, е ова,
нова Америка,
горка чемерика.

Живееш, патиш и сивееш,
та ил' ќе загинеш
ил' ќе подивееш.

Туку и нешто на вера:
гладните луѓе на секаде
некако сили си мерат.

За гуша гладта ги стиснала -
тие се кренале в стачка,
крвта ко дождница плиснала
бојот со црната пљачка.

Расправа еден од вилает -
(да ми е довека жив)
некогаш Карл Маркс ни наrачал:
скини го синџирот сив.
Ако го скршиме врагот
рај ќе е кај што е пекол -
- вели - леб ќе се најде
за сите љуѓе на веков! ! !

Ако е така ќе најдам место
во таа атака, поарно в битка да зајдам
одошто да тлаем во мака.

Зошто да сокривам -
гладувам,
ниту за залак спечалувам.

Еј, радост крилена-милена,
на сон во дебарско наминав,
вашите стада ги посретнав
прснати сегде по планина.

Пустињо стопанска,
срцето солзи одронува,
вие в село се смеете:
гладниот и просо сонува!

Туку -
сполај на господа -
има и полошо в светов,
знаете - стрико ми Никодин...
тој како од ум да се сметнал.

Нема ни куќа ни куќиште,
в болка изгорува,
живее негде на буниште
самиот со себе зборува:
Господи душава земи ја,
или пак дома испрати ме
светиниколската гемија!

Потаму што да ви напишам?
Писмово до вас го испракам
некако за да се издишам.

В словава небаре
тагата ќе ја оставам.
Простете.

Вашиот секогаш
Илија Илевски - дебарец

Славко ЈАНЕВСКИ

# Селаните од едно дебарско село се сеќаваат за Илија Илевски заборавениот печалбар во Америка чемерика

Мил батко Илија,
буквите твои
ситни
        и китни
в час не раскрилија -
велиме
ден да отделиме
да те развеселиме -
та да ти пуштиме
писмо галебица сива,
наш вилаетлијо,
наш некасметлијо,
писмо од нашата нива.

Сираку покосен,
крваво оросен
за маки на веков донесен.

Гладуваш и лебец сонуваш
селово наше го споменуваш.

Туку за селово што да ти раскраваме?...
Сешто од животот зимаме –
а штом се имаме
и се му даваме:

Блеат по нашите трла
три илјади триста и триесет грла.
Имаме се што ни посака душа...
амбаров тежи од злато,
полн е до гуша.

Сепак,
не беше леко --
навлезе солдатот Дојчо,
опусте веков.
Пијат и ригаат,
бесат и рикаат:
„Хајл...
Вино гут, овца гут,
дај!... "
Ставива многу под катинар,
плиснаа крв ко дожд.
Дојде со нив жабодерот Латинар,
јарец со тамбур и нож.
Свири тој -
та преку песни
жари и ѕверски бесни:

„О, боно овој е село
бело -
се има пиколо бамбино,
месо и жито,
вино-

Талјано сито!
Мусолини голем,
фашисто брани и рани,
а лошо коле“.

Гад
Жабојад!

Куќи ни гори
и збори:
„Ви народ питом,
се кажиш камо ваш Тито!"
Ние пак глава под секира ставаме,
Тито мил не му го даваме.

За бој во раце исплукваме,
ракав засукваме,
капсулки стари откопваме –
сложно запукваме –
од ден на ден.
Тој удри,
четава орманска врати,
селово в бој со нечистиот
гуша за гуша се фати.

Пукнала пролетта
штркој нигде да пролетат
над стреи да свијат гнезда.

Гледаш мај е
без цвет и звезда,
животот притаен трае .
Кавал не собира стадо,

тапан не развива ора,
тежат над луѓето јадој,
детските колевки горат.

Одзива орманов,
од солзи собрано в порој
чиниш со заби да крца;
молкнале клетвени зборој
в скинати мајчини срца.

Таљан, макарони –

и цел свет му е крив!
Надошол аскерот по нив
со штик
                    и лик
                                    див
                                                    и сив –
стрела, не гони
                                                    и звони,
„Цар Борис да ни е жив!"

Од ден на ден...
Тие сакатат...
гориме...
со крв ја плачеме маката –
и пак се бориме...
Четири маја и лета,
четири есени,
така изгрејаа утрава
на плеќи изнесени...

Од ден на ден...
во тој бој крваво падна, -
и внук ти Иљовски Младен -
нарани огњарка гладна.

Жал ни е што не е жив
(ние го имавме ко свое)
в нашиот колектив
ќе беше бригадир строен.

Еј, да не погледаш денес
ореме,
сееме,
жнееме,
радоста да ни те крене
кога запееме:
„Земјо наша, момо бела
на дланка ти растат села!"

Неќни и трактор ни стаса,
со двесте ѕевгари може
на нива тој да се васа.

Кога го виде ковачот Алија
солзи ни го разгалија:
ведна ш со црните прсти
како во сон,
Турчинот ко крстен се крсти:
„Ашколсум ова е коњ!!!
Ниту го тимариш,
ниту го зобаш и пасеш,
без остен три плуга влече –
оре тој личен и красен!“

Потаму, бате за среќа,
звездите златести
ние ги фативме в вреќа.
Сега ни греат
под новата стреа.
Но ти, мил, како ни живееш?
Цветаш -
или пак сивееш?

Зарежи -
сложно те молиме
в преградки да ни се вратиш.

Ќе те пречекаме
со девет погачи
и девет мешници вино,
та да ни раcправаш
нас и на нашите синој.

Да знаат децава
гурбетска тага,
слободава повеќе
да ни е мила и драга.

Значи, со китки те чекаме,
сретбата пред тебе стои,
поздрав ти праќаме,
здраво -
селаните твои.

Славко ЈАНЕВСКИ

# Караорман

Караорман и Славеј Планина,
двајца браќа, два лути ајдути.
Караорман - постариот браток,.
а Славеј е брате помалово.
Н игде нема лика над нивната,
До кај држи рамната Дебарца,
до кај држи пуста Малесија,
до кај држи земја македонска -
за нив народ славна песна пее,
за нивната лика и јунаство.
Караорман и Славеј Планино,
ноќта вари та што ве превари,
ве завари поле пустелио.
Од одеи е нозе постанале,
од одење снага премалена,
та легнаа браќа да поспајат.
До рамена рамо се гушнале,
со едно се сакме наметнале.
Над нив ситни-дробни ѕвезди горат
и ветрец им тивка песна пее,
песна пее за да ги успие.
Н о не спие Караорман силен,
а саноќ се тешко издишува.
„Караорман брате поголемо,
каква жалба на срце те гори

та не можеш саноќ да заспиеш?„
„Ој Славејко, мое мило брате,
јас си имам до две лути жалби.
Жалба ми е личната невеста
што ја клети Турци загубија.
Жалба ми е млада партизанка
што ми падна во борба крвава.
Јас на живот двете ги заљубив
и двете ми мене загинаа.
Кај да најдам нива убавина,
кај да видам нивни очи,
кај да чујам нивното зборвање?„

„Караорман, брате поголемо,
немој толку тага да тагуваш.
Ти погледај дробни ѕвезди над нас,
тоа ми се нивните очи.
Ти наслушај извор кај извира,
тоа ми е нивното зборвање,
ти мирисни трева ка мириса,
ка мириса смилот и ковилот,
тоа ми е нивната душа."

Блаже КОНЕВСКИ

# Глас од Македонија

О, трајте, трајте, тирани недни!
Доста се тија лаги и злоба -
пакостен глас од устите гадни
на мојот народ у секоа доба.

Та ете веќе векови цели
пишка и стенка од волци гости
за брата вијат кој да го дели,
за да му глода сувите коски,

Па нека сега сам да си реши
со своа волја судба и сева,
в животот еднаш сам да се теши,
д издигне славно свој род без врева.

Та Шар и Пирин дружно да викнат
родната песна в небеса темни
и бурниот Егеј - на век да плиска
тешкиот глас на новите химни.

Коле НЕДЕЛКОВСКИ

# В задружниот дом

- Послушајте, стар сум... - и спомени зреат
со бисерен ориз низ минати лета.
- Врз плеќа ми тежат десетини жетви,
но првата моја, задружната ќе е... -

Во селото снегот со мракот се лее,
скитницата - магла низ полето шета -
ја подгонил студен декемвриски ветер,
но в домот наш ден е: шум, говор и смеа.

И сенките мрзнат врз белите стени
а старецот рака огрубена кренал,
иднината плиска низ нискиот глас...

И додека магла низ полето шета,
во домот наш жетва најбогата цвета,
в погледите ориз зрел разврзал клас.

# За новата пролет

НА АЦО КАРАМАНОВ, УЧЕНИК
ПОЕТ, ЗАГИНАТ ВО НАРОДНО-
ОСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА

Пролет, чинам, беше - ноќ, убава, красна,
зборевме на сокак со младински жар,
за новиот човек што ќе сонце јасно,
ќе огрее славно на земниот шар.

Млади бевме тогај, со соколски крила,
и на својте чувства ке дадевме лет,
но земјата родна ни настапи тиран,
се што беше добро го фрли во гнет.

..,И од тој ден мрачен не те видов веке...
Чув дека си паднал некаде во бој,
да го браниш денот на онаа вечер,
што трепкаше в љубов ѕвездениот рој.

Пак е пролет сега - нок, убава, красна,
како тогај, друже, јас гледам со жар -
човекот се раѓа како сонце јасно
и огрева славно на земниот шар.

Гого ИВАНОВСКИ

# На Грамос

## I

Проштавај, роден кат,
Егеју, колевко моја!
Јас ранет последен пат
на мртов Грамос стојам.

Овде ја закопав денес,
под твојот пепел врел,
верата која ме крена
на подвиг суров, смел.

Ме гушат облаци црни,
свирепа болка ме стега
и тешки спомени врнат...

* * *

„ . В богато Воденско поле
ронела
    пченица злато.
Но сепак -
    никога пролет
не дошла
    в селските катој.
Мајка ми кршела прсти,

лулела
детенце мало,
со солзи
полнела грсти
крај старо
дрвено рало.
Тако ми
в младини
чмаел,
сонувал
вишнова зора,
вековни -
надежди ткаел
в ноќните
таговни ора.
В ората
играел лудо
сите се
чуделе в село,
но штом се
на утро будел
стемнувал
високо чело.
На нива
тргнувал рано,
над секој
замирал садник,
а дома
плачеле саноќ
стиснати
дечиња гладни.
В дожлива утрина,

тихо
заминал
некаде долу.
В градот го
пречекал вихор,
вихор го
потфатил
в Солун.
Тој млад бил,
имал сили,
в животот чекорел
здраво,
ги љубел
своите мили,
своето село -
Јавор.
Тој раснал -
в негови скутој
корав бил,
здрав
и волен,
но бргу
закашлал луто
и легнал
в постела
болен.
В собата стаиало сиво.
В градот му
загорчел лебот,
тој псуел

гурбетски живот
колнел
туѓинско небо...

* * *

Пројури времето - срна,
сал тешка остави трага.
В тага те завија црна
Родино моја драга!

* * *

Проштавај, роден кат,
немирно детство збогум!
В срце те чуствувам пак
трепетно, живо многу!
Ме гушат облаци црна,
свирепа болка ме стега
нови спомени врнат:
јас уште, уште гледам,
безумно в планина бегат,
со ситни, скршени крилца,
ранети дечиња - пилци.
В нивните сковани усти
проклетство уште слушам...

О, се е така мртво
се е така пусто
како во мојата душа!

II

Проштавај, роден кат,
проштавај, мајко моја!
Јас денес последен пат
на наши пепелишта стојам.

Ти чекаш некаде тамо
кај Вардар слободен шуми,
и чудни приказни носи
на Кукуш, Кавала, Струма...

Чекаш во краишта сини -
кај песни тракторни грмат,
кај в цела земја, чинам,
сончева плиснала срма.

Чекаш во некое село,
в куќуче задружно, бело,
кај жита златести класат,
и мирно, прснати в гора,
стадата задруж ни пасат.

Чекаш. И секоја вечер,
стивне ли селото в почин
и мрак го надваса темен,
ти тажни упиваш очи
в далечни планини неми,
и трпеш в мисли - јата,
во желби да се вратам!

Мајко!
Забрави свидно чедо,
забрави свиден спомен...

Селата спалени лежат,
спалени чадат домој!

III

Во барут,
дим
и крв
в грохотна канонада
Елада
стана плен,
падна,
мајко.
Елада.
Ревна Белиот Егеј
под црвен облак криен.

Та, зошто девет лета
со крв ја поевме ние
нашава земја светна,
и безброј нејни чеда,
без гроб
и трага,
мајко,
во ова мртво утро
со мртви очи гледат?!

Елада!
Елада!
Зошто девет рани
на градиве носам,
зошто девет лета
јас в борбата страдам?

IV

Денес,
          мајко моја,
пред зорница јасна,
в предавничка рака
          слободата згасна.
А мислевме
          ние -
          ќе изгреат зори,
мечтаени долго
          од наши
                    и Грци,
збратимени сите -
                    од море
                    до море,
народите в љубов
          ќе согреат срце...
Слободата -
                    пламен,
          ни гореше в очи,
но најдовме само
          ископани јами.
Памети го,
                    мајко,
          овој крвав злочин:
се отрова змијска,
          без милост,
          ко зверој,
ја убија наш`та -
          в иднината -
                    вера!

Јас в окопи гниев
со мојата чета,
в декемвриски студој,
по дождој,
по жеги,
и помина така
уште едно лето -
не стапивие в борба,
не минавме меѓи!
Се бунеа борци...
Притаена злоба
им светкаше
в поглед
ко в темница -
кремен:
„Та, додека уште
ке лежиме
в гробој !
Штом отиде Маркос
и борби ке нема..."
Но загрме тогаш
ураганен оган
в крв нокта
се изви, -
ни попрска лице.
На Вич
ниту птица
не прелета жива,

а тамо -
на Грамос,
во борбата дива
ни падна
од раме
последното знаме.
А борците,
мајко,
ранети
и слаби,
што мислеа
кај вас
да преминат кришум,
предавничка рака
ги задржа,
зграби -
се најдоа сите
пред нејниот нишан.
Ко секој да беше
и подел
и поган -
ги стрелаа,
мајко,
со рафален
оган!
V
Мајко!
Во барут,
дим
и крв,
и грохотна канонада, Елада

стана плен,
продадена -
Елада!
Од сите мртви,
живи
и мене,
за сите
времиња
за сите векој -
проклетство
нека
падне, мајко,
на тие -
што ја убија
денес
нашата младост
нашето детство!

За Маркос,
за сите наши несони ноќи,
за се што љубевме силно
и жарко,
за нашите маки,
за незнаен покој,
за пушката што ја во десница
држам,
за болката што ми нагризува
гради,
за се!
за се! -
проклетството вечно

нека го спржи,
убиецот.
мајко,
Захаријадес!

VI

Проштавај, роден кат,
Егеју, колевко моја!
Јас ранет последен пат
на мртов Грамос стојам.
Пусти се боречки стреи,
чамее нивниот праг,
там жетва крвава жнее
и бесно ликува враг.
Не, знам...
ке дојде време
за нова
барикада,
ке стапи
нова смена
за одмазда
во бој!
Во бура
зрив
и пламен,
во нова
канонада,
ке никне
и ке бликне
преродена
крајот мој.
Да, знам...

се ближи време
за нова
барикада.
Елада
пак ќе биде
слободна,
лична,
млада...
А мој роден крај,
ќе цвета
в ширни поли,
ќе листат
пролет - мај
Кавала,
Кукуш,
Струма.
Егејот син
и волен
ќе шепне чудни думи,
и в сончев залез мирен,
ќе праќа поздрав ширен
на Вардар,
Шар
и Пирин...
Јас за тие деној
за тие зори,
Родино моја,
Родино страдна
луто се борев
и в бојот паднав!

Ацо ШОПОВ

# На кинисување

Позапри, мајко, затрај се,
доста ме, леле, испраќа,
доста си солзи излеа
по тија пусти патишта.

А туку, мајко, погледај,
погледај, леле, послушај,
како ми пилци запреа
песни сред пролет радосна,

како ми вода затраа,
темни ми карпи писнаа,
а гора лисја пророни
од твојте тажни гласови.

Јас, мајко, тргнав, заминав,
куса си пушка нарамив,
планина Пирин развила,
бајрак се вее сред неа:

Јас ќе го, мајко, дофанам,
над село ќе го развеам,
та ќе те, мајко, куртулам
од тоа ропство крваво.

Коле НЕДЕЛКОВСКИ

# Тутунчо

Не ме колни, не ме жали!
Не ми нижи низа клетви!
Камен тежок живот ми е,
а по тежок одзив пусти
по народни думи свети!

Ако куќа ве направив
со високи шимшир порти,
куќа цел свет братски ми е,
братски срце што отвора,
срце - порта највисока.
срце - куќа најширока

Ако жена не донесов,
ѓул - трендафил во одаја,
верна, добра млада љуба -
не ме колни, не ме жали:
во борбата другарката
солнце сјае, солнце трепи!

Ако млада си години
по друмишта, по патишта
в младост горка распосејав -
погледни ми право в очи:

ти ли беше што пееше
„Ајдутин мајка не рани,.."

И ако не умрам дома,
туку кај стии пиштат,
в борба искри кај што л`штат -
блазе, речи, на душата -
има зошто душа да е!

Коста РАЦИН

# Две раг'ања

Во овој ден се родив јас
пред дваесет и две лета,
и никој мојот детски глас
со радост не го сретнал;

И денот дури место в сјај
во облак сив бил скриен.
Во крчмите, кој знае кај,
од тага тате пиел.

Две раце имал! Само две!
И работел без смена.
За двајца носел малку леб.
За двајца! А за мене?

Тој живот бил и клет, и луст.
И сосем малки чинел:
две стари черги, кревет кус
јорган на две скинат.

Зар требало штом така, ех
да крева некој чаша,
да наздрави со весел смев
за нас и дните наши?...

...Во овој ден се родив јас
а дваесет една појде ..

Чуј друже! Почуј! Детски глас
во нашата соба дојде.

Се роди дете... Овој миг
се раѓа в градов друго
и ќе го сретнат тој нов вик
со радост многу луѓе.

И таткото сред мисли ројˌ
штом сврши прва смена,
ќе брза дома, синот свој
тој в раце да го крене.

Леј друже! Полни чаши леј!
Да расцветат ко рози
на овој чуден јубилеј
на децата во поздрав.

Да крепнат тие секој ден
штом светли дни ги чекат,
штом за нив нема да е болен
тој вечен повик-среќа!

До целта нивна патот прав
да биде лесен, близок.,
Со чекор тврд, со чекор здрав
да стапат в комунизмот.

Србо ИВАНОВСКИ

# За љубовта наша делата ќе кажат

Денес, друже Тито, јас ти песна праќам,
песна, што ја пеат мојте родни брака;
силна верба блика, друже Тито, в неа, -
безброј млади срца топла љубов леат!

Денес така многу, така многу сакам
да ја стиснам цврсто твојта смела рака,
ликот да ти гледам што го бура слеа
твојте очи грижни што ко солнце греат,
и да шепнам долго и да шепнам нежно
оти нашата пролет, под пластои снежни
нема да ги свие својте млади крила,
ке биде утре поцветна и мила!

Почуј, друже Тито, - наш соколе вишен,
почуј како земја в топла љубов дише
на нејни гради нова младост расне, -
како цвете нежно и ко зора јасна!
Во Маврово,
кaде
бригадите млади
со грехотен екот
тешки крампои
спуштат,

во Железник,
каде
нов титан се гради...
И не само каде
и каде не уште! -
о, радост ме силна,
о, радост ме крилна
ко пролетен дождец
милува и роси, -
денес земја цела,
како човек еден
во мисли те гушка,
во срце те носи!

Денес, друже Тито, јас ти песна праќам,
песна, што ја пеат мојте родни браќа,
песна - силна верба, песна што те снажи!
За љубовта наша делата ќе кажат!

Ацо ШОПОВ